# Извадок на дел од дневни настани 29.01.2020

На 28.01.2020 во 16.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје во Градскиот парк го лишиле од слобода Е.А.(25) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.01.2020 во 22.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Вич" го лишиле од слобода Т.Б.(23) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.01.2020 во тетовското село Боговиње, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода А.А.(22) од с.Јеловјане, тетовско, затоа што при негов и преглед на возилото „фолксваген голф", со тетовски регистарски ознаки, кое тој го управувал, биле пронајдени и одземени марихуана и амфетамини. А.А. бил приведен и задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.01.2020 околу 17.00 часот на спортските терени во населба „Гоце Делчев" во Куманово бил пронајден малолетникот за кого на 27.01.2020 во 19.50 часот неговиот татко А.А.(40) од Куманово пријави дека се оддалечил од домот.

На 28.01.2020 во СВР Велес било пријавено дека околу 11 часот на ул. „Благој Ѓорев" во Велес, С.Х.(50) од с.Шипковица, тетовско, се повредил при вршење градежни работи. Тој бил пренесен во велешката општа болница, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Бил извршен увид на местото на настанот од увидна екипа на СВР Велес.

Полициски службеници од СВР Битола на 28.01.2020 извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола**,** нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, констатирано е дека 13 возачи ја надминале максималната дозволена брзина, четворица возачи управувале нерегистрирани возила, кај четворица возачи констатирано е присуство на алкохол и тие биле исклучени од сообракај, двајца возачи разговарале на мобилен телефон додека управувале возило и шест возачи не поседувале возачка дозвола. За сите неправилности издадени се соодветни налози.

На 28.01.2020 во Полициската станица Македонски Брод било пријавено дека во 09.50 часот во Здравствен дом Македонски Брод со повреди бил донесен С.П.(63) од Македонски Брод. Според пријавеното, тој бил повреден од огнено оружје во одгледувалиште на диви свињи во атар на с.Грешница, Македонски Брод, така што Т.Т.(50) од Македонски Брод, вработен како ловочувар, поради невнимание испукал проектил кој го погодил С.П.. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Македонски Брод и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.01.2020 во 13.00 часот во Полициската станица Карпош, М.В.(67) од Скопје пријавил дека на ул.„Бранислав Нушиќ" бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

На 28.01.2020 во 18.20 часот на локалниот пат Миладиновци – Илинден, патничко возило „цитроен", со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Н.(50) од Миладиновци, удрило во 15-годишен малолетник од Миладиновци, кој туркал трицикл. Во незгодата, малолетникот се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

Во текот на 28.01.2020 на подрачјето на СВР Скопје, при преземени мерки и активности од сообраќај е исклучено едно возило бидејќи било нерегистрирано, санкционирани се 24 пешаци, а 70 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 28.01.2020 во 13.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, К.Ѓ.(55) од Скопје пријавила дека на ул.„Црногорска" била касната од куче скитник во пределот на левата надколеница.

СВР Охрид, до надлежното Јавно обвинителство, поднесе кривична пријава против Б.Д.(69) од струшкото село Ташморуништа, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Тој на катастарска парцела во атар на селото Оровник, во близина на магистралниот пат Струга - Охрид, изградил станбен објект, без одобрение за градба. Од страна на овластен градежен инспектор при општина Охрид извршен е надзор и донесено е решение за отстранување на градбата.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против А.Н.(38) од Берово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата". Во периодот од 02.09.2013 до 19.07.2016 пријавената, во својство на директор на основно училиште во Берово, потпишувала листи за плата на вработените и дозволила лице вработено како благајник да зема повисока плата со повисок коефициент на степен на сложеност, спротивно на чл.35 од Колективниот договор за Основно образование и не презела активности согласно нејзините надлежности од Законот за основно образование.

СВР Охрид до надлежното Јавно обвинителство поднесе кривична пријава против М.Х.(29) и М.Х.(25), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности". Пријавените, на катарстарска парцела на државно земјиште лоцирана во населбата Трпејца, во зоната на строга заштита што е дел од Националниот парк „Галичица", изградиле станбен објект. Тоа го направиле без одобрение за градба, со што извршиле узурпација на земјиште во државна сопственост.

На 27.01.2020 во 19.45 часот на подрачјето на населбата Пештани, полициски службеници запреле патничко возило „рено", со охридски регистарски ознаки. Притоа, од возилото излегле две лица и започнале да бегаат, по што фрлиле една вреќа со риболовни мрежи и риба - охридска пастрмка. По преземени мерки, констатирано е дека возилото било управувано од И.Л.(56) од Пештани. Риболовните мрежи и уловената пастрмка биле предадени во Хидробиолошкиот завод. СВР Охрид работи на целосно расчистување на настанот, по што ќе поднесе соодветна пријава.

На 28.01.2020, во периодот од 13.00 до 19.00 часот, Полициската станица за безбедност на патниот сообраќај Штип спроведе акциска контрола на прекршоци кои ги прават возачите во однос на првенство на минување. Од извршената контрола преземени се **шест** мерки по горенаведениот прекршок, односно издадени се шест прекршочни платни налози. Санкционирани се и **10** останати прекршоци.

На 28.01.2020 во 08.37 часот во СВР Штип, од Клиничката болница Штип било пријавено дека кај нив за укажување на лекарска помош бил донесен Д.Л.(22) од Штип, кој се здобил со повреда при работа во фабрика во Штип. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на СВР Штип, а за настанот биле запознаени Јавен обвинител и надлежен трудов инспектор.

На 28.01.2020 во 18.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Борис Сарафов", во ЈЗУСпецијализирана болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември", настанал пожар во подрумска просторија. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита. Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 28.01.2020 во 09.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Отокар Кершовани" настанал пожар во патничко возило „опел корса" со скопски регистарски ознаки. Според пријавеното, А.А.(21) од с.Мирковци, скопско, откако го паркирала возилото забележала чад кај хаубата. Од пожарот биле зафатени уште две патнички возила - „мерцедес", сопственост на А.Р.(44) и „цитроен берлинго", сопственост на Л.С.(66), двајцата од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита, а увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 28.01.2020 во СВР Тетово, Ј.А.(41) од Тетово пријавил дека околу 16.20 часот на ул.„Цветан Димов" во Тетово неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник во пределот на нозете.

На 28.01.2020 во 12.00 часот бил пронајден К.П.(56) од Скопје, за кого на 22.01.2020 во Полициската станица Кисела Вода неговиот татко Р.П.(80) пријавил дека се оддалечил од домот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против М.И.(19) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривичното дело „злоупотреба на лични податоци". Во текот на 2019, пријавениот како возач, во два наврата, управувајќи патничко возило „голф", сопственост на неговата мајка и патничко возило „опел" сопственост на С.Ц. од Куманово, при сообраќајна контрола на полициски службеници, поради непоседување на возачка дозвола и поради сторени сообраќајни прекршоци, употребил и искористил лични податоци од оштетениот Д.И. од Куманово, без негова согласност.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет